Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип
Факултет за туризам и бизнис логистика - Гевгелија

Општина Дојран

---

# ТУРИЗМОТ ВО ДОЈРАНСКИОТ РЕГИОН



ШТИП, 2012

**ЗБОРНИК НА ТРУДОВИ ОД НАУЧНО-СТРУЧНА ТРИБИНА**
**одржана на 20 април 2012 година во Дојран**


**ИЗДАВАЧ:**
***УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ – ШТИП***
***ФАКУЛТЕТ ЗА ТУРИЗАМ И БИЗНИС ЛОГИСТИКА - ГЕВГЕЛИЈА***

**ПОКРОВИТЕЛ:**
***Г-ДИН ГЛИГОР ЧАБУЛЕВ,***
**ГРАДОНАЧАЛНИК НА ОПШТИНА ДОЈРАН**

***ЗА ИЗДАВАЧОТ*:**
**ДОЦ. Д-Р. НАКО ТАШКОВ,** ***ДЕКАН НА ФТБЛ - ГЕВГЕЛИЈА***

***РЕДАКЦИЈА*:**
**ДОЦ. Д-Р. НАКО ТАШКОВ,** ***ПРЕТСЕДАТЕЛ***
**ДОЦ.Д-Р НИКОЛА В. ДИМИТРОВ,** ***ОДГОВОРЕН УРЕДИК***
**ДОЦ.Д-Р ДЕЈАН МЕТОДИЈЕСКИ,** ***ТЕХНИЧКИ СЕКРЕТАР***
**Д-Р. ТАЊА АНГЕЛКОВА,** ***ТЕХНИЧКИ СЕКРЕТАР***
**ДОЦ.Д-Р БИЛЈАНА ПЕТРЕВСКА,** ***ЧЛЕН***
**ДАНЧЕ ГАВРИЛОВСКА - АТАНАСОВСКА,** ***ЈАЗИЧНА РЕДАКЦИЈА***

**ОРГАНИЗАЦИОНЕН ОДБОР:**
ДОЦ. Д-Р НАКО ТАШКОВ, ДЕКАН, *ПРЕТСЕДАТЕЛ*
ДОЦ. Д-Р НИКОЛА В. ДИМИТРОВ, ПРОДЕКАН, *СЕКРЕТАР*
ДОЦ. Д-Р ЗЛАТКО ЈАКОВЛЕВ
ДОЦ. Д-Р ЦАНЕ КОТЕСКИ
ДОЦ. Д-Р БИЛЈАНА ПЕТРЕВСКА
ДОЦ. Д-Р ЕЛИЗАБЕТА МИТРЕВА
ДОЦ. Д-Р ДРАШКО АТАНАСОСКИ
МАГДАЛЕНА КРЕЧЕВА, ОПШТИНА ДОЈРАН
АНДРЕЈ АНГЕЛОВСКИ, ОПШТИНА ДОЈРАН

**СЕКРЕТАРИЈАТ:**
М-Р ТАЊА АНГЕЛКОВА,
М-Р ДЕЈАН МЕТОДИЈЕСКИ,
М-Р ДУШИЦА САНЕВА,
М-Р ТАТЈАНА ЏАЛЕВА,
М-Р НАТАША КОЛЕВСКА,
М-Р ОЛИВЕР ФИЛИПОСКИ,
М-Р ДУШКО ЈОШЕСКИ,
М-Р СНЕЖАНА ДАГАЛЕВА,
М-Р ВЛАДИМИР КИТАНОВ
М-Р ЗОРАН ТЕМЕЛКОВ,
М-Р АНЕТА СТОЈАНОВА

# С О Д Р Ж И Н А

**ПРЕДГОВОР**.......................................................................................................7

**ПРОФ. Д-Р БЛАГОЈА МАРКОСКИ**

ДОЈРАНСКА КОТЛИНА.......................................................................................9

**ПРОФ. Д-Р МАРИЈА АЦКОВСКА, ДОЦ. Д-Р НЕДА ПЕТРОВСКА**

ПОТЕНЦИЈАНИ ИЗВОРИ НА ФИНАНСИРАЊЕ НА ТУРИЗМОТ ВО ДОЈРАНСКИОТ РЕГИОН...15

ПРОФ. Д-Р **ГОРДАНА ПАНОВА**

ЛЕКОВИТОСТА НА ДОЈРАНСКОТО ЕЗЕРО.....................................................................21

**ПРОФ. Д-Р РИСТЕ ТЕМЈАНОВСКИ**

ПОДОБРУВАЊЕ НА ПАТНАТА ИНФРАСТРУКТИРА ВО РЕГИОНОТ НА ДОЈРАНСКОТО ЕЗЕРО ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА ПОИНТЕНЗИВЕН ТУРИСТИЧКИ РАЗВОЈ..........................................27

**ДОЦ. Д-Р РУБИН ЗЕМОН**

ПОПУЛАРИЗАЦИЈА НА АНТРОПОЛШКИТЕ ВРЕДНОСТИ НА ДОЈРАНСКИОТ РЕГИОН КАКО МОЖНОСТ ЗА РАЗВОЈ НА ТУРИЗМОТ.....................................................................39

**ДОЦ. Д-Р ВИОЛЕТА МАЏОВА**

СРЕДСТВАТА НА ИПАРД ВО ФУНКЦИЈА НА ПОТТИКНУВАЊЕ НА ТУРИЗМОТ ВО ДОЈРАН.......................................................................................................53

**ДОЦ. Д-Р МАРГАРИТА МАТЛИЕВСКА**

ОСВРТ НА ПРОЕКТОТ „СПАС НА ДОЈРАНСКОТО ЕЗЕРО“............................................65

**Доц. д-р Нако Ташков, м-р Тања Ангелкова, м-р Татјана Џалева**

Плажите во функција за зголемување на туристичкиот промет во Општина Дојран.......................................................................................................75

**Доц. д-р Никола В. Димитров, м-р Душко Јошески**

Основни социо-економски параметри за унапредување на туризмот во Општина Дојран.......................................................................................81

**Доц. д-р Дејан Илиев**

Со развојот на риболовниот туризам до продолжување на туристичката сезона на Дојранското Езеро.....................................................................93

**Доц. д-р Билјана Петревска**

Предвидување на туристичката побарувачка во Дојранскиот регион.........101

**Доц. д–р Елизабета Митрева, м-р Оливер Филипоски**

Примена на стратегии на TQM (total quality management) во унапредување на квалитетот на услугите во туризмот.....................................................113

**Доц. д-р Златко Јаковлев, м-р Влатко Пачешкоски**

Програмирање на спортско-рекреативната анимација во Дојранскиот регион.......................................................................................................125

**Доц. д-р Цане Котески, М-р Владимир Китанов**

Структура на патната мрежа и нејзиното влијание врз развојот на туризмот во Општина Дојран.......................................................................................137

**Д-р Марија Магдинчева – Шопова**

Улогата на малите претпријатија во развојот на туризмот во Дојранскиот регион...........................................................................................147

**Доц. д-р Нако Ташков, м-р Владан Андоновиќ, Доц. д-р Дејан Методијески, Илија Лазаревски**

Имплементација на информационо управувачки систем за Општина Дојран........................................................................................................................155

**Доц. д-р Никола В. Димитров**,

Од идеја до реализација (ККК – „ПОЛИН“ – Полифункционална содржина на туризмот во Општина Дојран)........................................................................161

**Доц. д-р Драшко Атанасоски**

Влијанието на сообраќајната поврзаност за раст на туризмот во Дојранскиот регион..........................................................................................................171

**М-р Ленче Насев**

Културните и музичките манифестации како значаен фактор за развој на туризмот во градот Дојран...........................................................................185

**М-р Душица Санева, М-р Снежана Бардарова, М-р Горан Антониевски**

Гастрономската понуда како фактор за развој на туризмот во Дојран..........................................................................................................................191

**М-р Наташа Колевска, Јулија Наковска**

Потенцијали за развој на екохотели во Дојран...................................................197

**М-р Кристина ковачевиќ**

Бизнис етиката во функција на долгорочен развој на туризмот во Дојран...209

**М-р Ванѓа Димитриева – Кузамноска**

Секојдневното користење на традиционалните носии во угостителските објекти како една развојна точка за усовршување на туризмот во Дојранскиот регион......................................................................................................................219

**М-р Марина Радосављевиќ-Бојчева, М-р Зоран Темелков, М-р Костадинка Чабулева**

ИПА Фондови: Можности и перспективи за развој на туризмот во Дојранскиот регион.....................................................................................................................225

**Бранко Бизоев**

Дестинациската менаџмент компанија како можност за поголема афирмација на културните и гастрономски вредности на Дојранскиот регион.....................................................................................................................233

**Тихомир Ручкоманов**

Дојранска бартер берза.....................................................................................245

**Петранка Чалков**

Рибарството и аквакултурата во Дојранскиот регион.....................................253

**Ефтимова Елизабета, Дукова Маја**

Алтернативни форми на туризмот во Дојранскиот регион.............................261

**ЗАКЛУЧОЦИ** ………………………………………………………………...269

# ПРЕДГОВОР

Организаторите и реализаторите на Научно-стручната трибина „Туризмот во дојранскиот регион“ одржана на 20. април 2012 година во Стар Дојран, ја исполнија дадена обврската дадена на почетокот, а тоа е издавање на Зборник на трудови.

Со успешно менаџирање, Редакцијата на Зборникот, на стручната и пошироката јавност им ги претставува сите 28 трудови презентирани на трибината.

Дојранскиот регион е еден од најразвиените туристички простори во источниот дел од Република Македонија кој дава, но и може да даде уште многу разновидни туристички услуги и производи.

Се надеваме, идеите изнесени во Зборникот ќе претставуваат добра основа за изработка на Стратегија за развој на туризмот во Дојранскиот регион и имплементација на истата.

Редакцијата, на сите субјекти им се заблагодарува за добронамерните сугестии и помош околу издавањето на Зборникот.

***Редакција***

**Доц. д-р Златко ЈАКОВЛЕВ**[40]
**М-р Влатко ПАЧЕШКОСКИ**[41]

# ПРОГРАМИРАЊЕ НА СПОРТСКО-РЕКРЕАТИВНАТА АНИМАЦИЈА ВО ДОЈРАНСКИОТ РЕГИОН

**Апстракт**

Со право може дасе констатира дека активната спортско-рекреативна анимација е далеку покорисна од пасивната. Таа е поврзана со спортско – рекреативните анимациски активности на вода и копно. Овие активности придонесуваат за спортска рекреација и активен одмор. Одморањето и летувањето покрај разновидното користење на спортските игри, движењето во природа со одредена програма и воопшто организираното вежбање го нарекуваме активна рекреација

**Клучни зборови:** туризам, анимација, спортско-рекреативна анимација

## Вовед

Иако туризмот не е спортска гранка, истиот опфаќа многу спортски активности (спортска рекреација, спортски манифестации и слично). Може да се констатира дека туризмот и спортот се меѓусебно поврзани феномени. Врската помеѓу нив датира уште од првите почетоци на нивниот развој. Но, односот меѓу нив значајно се променил. Уште во стариот Рим и Грција, спортот бил поттикнувач на луѓето за патување, а со цел посета на големи спортски приредби. Во поново време спортот во туризмот добил поширока улога, сошто е создаден и поинаков однос помеѓу овие два феномена. За функционалната поврзаност помеѓу туризмот и спортот уште одамна пишувале познатите туризмолози Хунцикер и Крапф. Феноменот на спортот во туризмот, тие го објасниле врз основа на примерите на швајцарскиот туризам во кој многу рано се развил спортскиот туризам, особено, зимскиот спортски туризам. Спортот во современиот туризам нема само перцептивна улога, туку тој е истовремено значајна содржина на престојот со која

[40]Д-р Залтко Јаковлев, Доцент, Универзитет Гоце Делчев - Штип, Факултет за туризам и бизнис логистика – Гевгелија, e-mail: zlatko.jakovlev@ugd.edu.mk
[41]М-р Влатко Пачешкоски, Асистент, УниверзитетГоце Делчев – Штип, Економски факултет – Штип, e-mail: vlatko.paceskoski@ugd.edu.mk

посетителите станувaат активни учесници во различни спортови. Тој станува, не само содржина на престојот, туку често и главен мотив за патување кон одредена туристичка дестинација. Таквиот однос помеѓу спортот и туризмот доведува до развој на посебен вид туризам: спортско–рекреативен туризам. За спортската рекреација во туризмот се зборува како за средство на активен одмор на посетителите, односно содржините во кои учеството е активно.

## 1. Програмирање на спортско-рекреативната анимацијата на посетителите за време на туристичкиот престој

Во која мера ќе бидат задоволени потребите на посетителите пред сé зависи од можностите на хотелите, одморалиштата и камповите и од содржината на програмите за нивна анимација.[42] Во поглед на програмирањето на спортско-рекреативната анимацијата на посетителите за време на туристичкиот престој се јавуваат трипрашања кои треба да бидат елаборирани и тоа:

- принципи на програмирање на спортско-рекреативната анимација;
- типови на спортско-рекреативни програми;
- фактори кои делуваат врз програмирањето на спортско-рекреативната анимација на посетителите.

### 1.1. Принципи на програмирањена спортско-рекреативната анимација

За ефикасно и успешно реализирање на програмите на спортско-рекреативната анимација неопходно е да се поаѓа од одредени начела т.е. принципи. Прво, туристичките движења се во тесна корелација со слободата на личноста. Тоа значи дека самите потенцијални посетители самостојно ќе одлучат дали ќе се вклучат во туристичките текови и дали ќе се вклучат во содржините на спортско-рекреативните анимациски програми. Од психолошки аспект сосема е неоправдано да се врши притисок врз посетителите за нивниот избор. Посебно важна е улогата на аниматорот во комуникацијата со посетителите. Тој треба со нив да разговара, да ги информира и да ги насочува според нивните потреби и желби. Но, сепак одлуката е на страната на посетителите.

[42]Бунташески, Б.,(1996), Културно - забавната анимација во туристичката понуда. Културата и туристичката понуда - научен симпозиум, Универзитет „Св. Климент Охридски - Битола, Факултет за туризам и угостителство - Охрид, Охрид, 22.

Второ, доколку носителите на туристичката понуда сакаат да ги задоволат интересите на своите клиенти, тогаш треба да се превземат сите неопходни активности за максимално мотивирање за активно учество во спортско-рекреативните анимациски програми. Само на таков начин ќе се избегне монотонијата, здодевноста и нивната пасивност кои се всушност негативни аспекти на туризмот. Истовремено, се допринесува и за зголемување на реномето на објектот, туристичкото место, државата преку позитивната туристичка пропаганда, поконкретно преку личната пропаганда.Во тој контекст, според едно истражување во Пореч, Плава Лагуна, Р. Хрватска, дури 25% од испитаниците истакнале дека дошле во тој регион поради можностите за спортско-рекреативната анимација.

Трето, познато е дека спортско-рекреативните анимациски програми треба да се базираат на интересите и склоностите на посетителите. Имајќи го во предвид овој факт од една страна стручните лица кои ги креираат овиепрограми, неопходно е да извршат соодветни истражувања, адекватно комуницирање како и да ги запознаат психофизичките карактеристики на своите клиенти. Од друга страна, програмите треба да бидат во корелација и со објективните можности на туристичките објекти. Доколку не постојат одредени услови кои се неопходни за програмите за спортско-рекреативната анимација, тогаш треба да се искористат оние услови кои постојат во туристичкиот објект, туристичкото место или земја.

### 1.2. Типови спортско – рекреативни програми

Програмите за спортско-рекреативната анимација на посетителите можат да бидат разновидни. Тие во зависност од кој критериум се разгледуваат можат да се поделат на повеќе типови.[43] Според Миховиловиќ постојат три типови програми за спортско-рекреативна анимација на посетителите:

а) спортско-рекреативни програми што одговараат за сите посетители;

б) можни спортско-рекреативни програми што може да ги реализира секој посетител во зависност од постојаните можности на туристичкиот објект во кој престојуваат и

[43]Бунташески, Б., (1996), Програмирање на анимацијата на посетителите за време на туристичкиот престој. Зборник на трудови, Факултет за туризам и угостителство - Охрид, Охрид, 1996 год., 8.

в) слободни спортско-рекреативни програми, според желбите и интересирањата на посетителите.[44]

Натаму истиот автор спортско-рекреативните анимациски програми ги дели и според времетраењето. Од аспект на временската димензија, спортско-рекреативните програми се делат на дневни и неделни, како и програми за одредена сезона.

Програмитезаанимирањенапосетителитево најопшта смисла на зборот, според д-р Бранко Бунташески можат да се поделат и во зависност од нивната содржина и тоана:

1. спортско–рекреативнианимацискипрограми;
2. културно - забавни анимациски програми и
3. анимациски програми за излети и посети.[45]

Со оглед на тоа што во овој труд станува збор за програмирање на спортско-рекреативната анимација, ќе констатираме дека меѓу спортот и туризмот постои поврзаност. Во современото општество овие два феномена добиваат хуманистичка димензија. Спортско-рекреативната анимација мора да стреми кон оние содржини кои овозможуваат активна партиципација на посетителите. Во поглед на учеството на посетителите во програмите на спортско-рекреативната анимација се разликуваат два основни видови програми:

- програми во кои учеството на посетителите е активно. Тоа значи дека посетителите се непосредно инволвирани како учесници, и токму во овие програми може да дојде до израз активноста и креативноста на посетителите и
- програми во кои посетителите се релативно пасивни гледачи, публика. Повеќе од програмите можат да бидат организирани на таков начин да иницират активно или пасивно учество на посетителите, а степенот на активност зависи од самата организација на спортско-рекреативната анимација.

Со право може да се констатира дека активната спортско-рекреативна анимација е далеку покорисна од пасивната. Таа е поврзана со спортско - рекреативните анимациски активности на вода и копно. Овие активности придонесуваат за спортска

[44]Mihovilović, M., (1986): 24 sataživotaturista u hotelskimkučama.ReferatnaSimpoziju "Hotelskakuča 86", Opatija

[45]Бунташески, Б., (2001), Анимацијата во туристичката понуда. Институт за истражување на туризмот - Охрид, Охрид, 48.

рекреација и активен одмор. Одморањето и летувањето покрај разновидното користење на спортските игри, движењето во природа со одредена програма и воопшто организираното вежбање го нарекуваме активна рекреација.[46]

### 1.3. Фактори кои делуваат врз програмирањето на спортско-рекреативната анимација на посетителите

Некои практичари истакнуваат дека програмирањето на спортско-рекреативната анимација е едноставна работа, што секако не е точно. Имено, за квалитетно креирање на програмата треба да се познаваат голем број елементи. Пред се овде би ги спомената објективните можности, како што е просторот каде што е лоциран објектот, неговиот ентериер, инфраструктурата како на објектот така и на туристичкото место, кадрите, комуникациските врски со околината, финансиските можности за реализација на програмите, можностите за кооперација со другите носители на туристичката понуда и слично.

Креаторот на спортско-рекреативните анимациски програми исто така треба да ги идентификува потребите и склоностите на посетителите, во поглед на тоа со кои спортско-рекреативни активности сакаат да се занимаваат за време на нивниот престој во туристичкото место. За таа цел неопходно е да се изврши адекватно маркетинг истражување на туристичкиот пазар. Само на таков начин можат да се креираат соодветни спортско-рекреативни анимациски програми, кои ќе се базирани на желбите на потенцијалните посетители и истите ќе се содржани во средствата на туристичката пропаганда со што ќе се настојува да се привлечат што поголем број како странски така и домашни посетители.

Во поглед на факторите кои влијаат врз програмирањето на спортско-рекреативната анимација на посетителите доминантни се: просторот, стручните кадри и прилагодување на спортско-рекреативните програми кон карактеристиките, потребите и менталитетот на посетителите.

[46]SorićA.,Razvijanjemrekreativno-zabavnihsadržajapovečatidobit. ASMA - Kongres, 2.

### *1.3.1. Просторот како фактор на програмирање на спортско-рекреативната анимацијата*

За ефикасно планирање на програмите на спортско-рекреативната анимација во туризмот, неопходно е планирањето да биде во корелација со можностите на просторот и тоа:

- климатските услови на туристичкото место;
- локацијата на објектот за сместување на посетителите во однос на урбаната целина (туристичкото место);
- постоечките површини, простори и објекти погодни за одржување на поедини спортско-рекреативни програми на анимацијата;
- просторниот распоред на спортско-рекреативните програми внатре во туристичката населба, туристичкото место и така натаму.[47]

Климатските услови ќе влијаат на бројот и временското планирање на содржините и активностите, користењето на отворените површини и друго.

Локацијата на објектот за сместување на посетителите во однос на урбаната целина (туристичкото место) ќе влијае на планирањето на програмите на спортско-рекреативната анимација бидејќи особено ќе се разликуваат објектите кои се сместени внатре во туристичкото место, од оние објекти кои се наоѓаат надвор од него. Во објектите кои се лоцирани во туристичкото место спортско-рекреативните анимациски програми претпоставуваат вклучување на посетителите во тековниот живот на туристичкото место, неговите манифестации и натпревари кои се организираат и за рецептивното население и за посетителите.

Значајно е и временското координирање на програмите бидејќи промашување на организирање значајни програми на спортско-рекреатината анимација во време кога во самото туристичко место се организираат традиционалните спортски манифестаци и натпревари има големи негативности. Без разлика на локацијата на објектот во кој престојуваат посетителите, анимирањето треба да опфати 24 часа на живот на посетителите, а истовремено организацијата на спортско-рекреативната анимација

[47]Ravkin, R., (1989), Animacija u turizmu.Zalozba, Mladinskaknjiga, Ljubljana - Zagreb, 46.

треба да го предвиди и информирањето за спортските настани во туристичкото место.

Значаен фактор за успешно програмирање на спортско-рекреативната анимација е и согледувањето на адекватноста на расположивите простори за поедини програми. Во таа конотација Јовиќ истакнува дека при проектирањето на некој објект архитектот треба да ја проектира и визијата за начинот на живот во замислениот објект бидејќи адекватни туристички објекти се оние кои имаат доволен простор за слободно и разновидно комуницирање на гостите.[48]Може слободно да се констатира дека просторот е важен фактор на успешно програмирање на анимацијата: за културно - уметнички приредби неопходна е одредена опрема на просторот (на пример: кино - екран, бина и друго, за забавни приредби поголеми сали со добро озвучување, за општествени контакти ќе бидат погодни помали и поинтимни простори и така натаму).

Просторот, при програмирањето на анимацијата, треба да се разгледува и од аспект на така викано зонирање на програми, т.е. просторен распоред на одредени содржини. Според Миховиловиќ постојат три зони. Во такавикана мирна зона ќе се наоѓаат спортски терени, игралишта и слично, во посмирена зона ќе се наоѓаат општествено - забавни игри, а во разиграна зона предвидени се забавни игри од масовен карактер, ноќни програми.[49] Самото просторно распоредување на спортско-рекреативните програми во одредена зона може значително да влијае на задоволството на посетителите, бидејќи некои од нив сакаат динамика, а други мир. Значајно е да се констатира дека содржините на спортско-рекреативната анимација треба однапред да бидат планирани, меѓусебно просторно и временски координирани, да постои однос на меѓузависност и поврзаност, така во суштина да се работи за едноставна програма и синхронизирани активности, од конципирањето до спроведувањето и целосно мерење на резултатите.[50]

[48]Jović,B., (1983), Organizacija kulturnih delatnosti u turizmu. Kultura, Zavod za proučavanje kulturnog razvitka, Beograd, br. 60 - 61, 281.
[49]Mihovilović,M., (1986), Ibid.
[50]Cetinski, V., Cetinski,M., (1986), Zabavni centri i mjesta koncentrirane zabave. Referat naSimpoziju "Hotelska kuća 86", Opatija.

### *1.3.2. Кадрите како фактор на програмирање на спортско-рекреативната анимација*

Две грешки се јавуваат во поглед на програмирањето на спортско-рекреативната анимација: планирање повеќе содржини отколку што се постојаните кадри, за нивно успешно спроведување, како и програмирање по критериумот на целосна искористеност на кадрите, наместо критериумот на адекватност на програмите спрема можностите на просторот и посетителите. Од просторите во кои спортско-рекреативните програмите се реализираат, од обемот на планираните програми, од меѓусебната оддалеченост на објектите во кои делува ист аниматор и слично, зависи бројот и специјализацијата на потребни кадри - аниматори.

Значи за да може успешно да се програмира спортско-рекреативната анимација, непоходни се стручни кадри. Во развиените туристички земји постојат кадри кои се стручно оспособени за програмирање на содржините на спортско-рекреативната анимација, како и кадри-аниматори кои ги спроведуваат програмите. Во земјите каде што туризмот не е на виско ниво на развиеност, каде што спаѓа и нашава земја, неопходно е да се превземат конкретни мерки за оспособување стручни кадри - аниматори, кои и ќе програмираат и ќе ги реализираат спортско-рекреативните анимациски програми. Покрупните туристичко - угостителските претпријатија би требало да имаат минимум двајца аниматори, кои покрај стручното образование, треба да имаат познавања на странски јазици (минимум два светски) и што е доста важно пред сé треба да имаат смисла и желба за работа со посетители.

Професионалното оспособување на аниматорите во нашава земја е можно да се реализира во Факултетот за туризам и угостителство од Охрид, Факултетот за туризам и бизнис логистика од Гевгелија, Факултетот за туризам при Природно-математичкиот факултет од Скопје, Приватниот Универзитет за туризам и менаџмент и други приватни факултети. Имено, Факултетот за туризам и угостителство од Охрид кој е прва високошколска институција за едуцирање кадри од областа на туризмот и угостителството во Република Македонија, во 90$^{те}$години од минатиот век, покрена иницијатива и ги изврши сите неопходни подготовки за едукација на аниматори во туризмот. Ваквиот значаен потег од страна на факултетот, не најде одѕив кај туристичкиот менаџмент. Пред сé менаџерите на хотелските

претпријатија не се заинтересирани за вклучување и валоризирање професионални стручни кадри - аниматори во изработката и спроведувањето на анимациските програми, бидејќи е евидентно дека не се во прашање финансиски средства, ниту интересот на кандидатите. Значи станува збор за пасивност и незаинтересираност на туристичкиот менаџмент. Во тој контекст постои нелогичност - големи хонорари да се исплаќаат на водителите кои носителите на туристичката понуда ги ангажираат за една вечер, а не се ангажираат да оспособат професионални аниматори кои секако претставуваат значаен фактор за развој на туризмот.

За успешно вклопување во пазарната економија, неопходно е перманентно следење на желбите, интересите и склоностите на посетителите и потенцијалните посетители во современите туристички текови. Во тој контекст, никако не смее да се заборави дека еден од објективните фактори за брз туристички развој и за поголема конкурентност на домашниот и меѓународниот туристички пазар е и спортско-рекреативната анимација.

### *1.3.3. Прилагодување на програмите кон потребите, карактеристиките и менталитетот на посетителите*

Покрај просторот и кадрите, како што споменавме понапред, во основните фактори за програмирање спаѓаат и посетителите со нивните карактеристики, потреби и менталитет. Покрај истражувањето на потребите, желбите и менталитетот на посетителите, треба да се имаат во предвид и нивните карактеристики (пол, возраст, степен на образование, социјална средина и друго). Нивните потреби, склоности, интереси и слично, треба да се истражуваат како на домашниот така и на меѓународниот туристички пазар. Вакви истражувања постојат во развиените туристички земји, додека во нашава земја, за жал извршени се мал број истражувања. Констатирани се разлики за анимациските содржини според полот, возраста и социјалната средина меѓу домашните и странските посетители. Овие сознанија се само еден сегмент, кој секако треба да се респектира, но, исто така, на преден план треба да се имаат во предвид и реалните можности на носителите на туристичката понуда. Според, д-р Радослава Равкин, при изработката на анимациските програми, програмерите треба да ги имаат следниве критериуми:

- во која мера програмата е приспособена за двата пола, разни старосни групи и така натаму;
- дали програмата ќе привлече поголем број на клиенти со обѕир на постојаната структура на посетителите;
- можностите за реализација на програмите со оглед на просторот, објектите, реквизитите и кадрите;
- дали програмата зафаќа содржини и активности кои можат да го поттикнат интересот на посетителите;
- дали се потребни и какви дополнителни поттикнувачи на интересите на гостите?[51]

Од горенаведеното може да се констатира дека при подготвување на анимациските програми, а посебно спортско-рекреативните, треба да се води сметка и за структурата на посетителите за кои програмите се наменети.

## 2. Предлог програма за спортско-рекреативната анимацијата на посетителите за време на туристичкиот престој во Дојранскиот регион

| Време во текот На денот | Видови активности | Потребно време за активности |
|---|---|---|
| | ***Спортско - рекреативна активност*** | |
| од 7 – 9 часот | станување, лична хигиена и појадок | 2 часа |
| од 9 – 12часот | спортско - рекреативна активност на вода | 3 часа |
| од 12 – 14 часот | ручек | 2 часа |
| од 14 – 16 часот | попладневен одмор | 2 часа |
| од 16 – 18 часот | спортско - рекреативна активност на копно | 2 часа |
| од 19 – 21 часот | Вечера | 2 часа |
| од 21 часот | слободно време и ноќевање | |

Две спортско-рекреативни анимациски активности се наведени во оваа табела. Едната активност се однесува на спортско

[51]Ravkin, R., (1989), Ibid, 55.

- рекреативна активност на вода, каде посетителите ќе се анимираат со организирање спортски натпревар на вода - ватерполо. Во него можат да учествуваат оние гости кои се добри пливачи и имаат дволна кондиција за учество во него. За оние посетителите кои не се добри пливачи предвидени се натпревари во риболов. За најуспешните следуваат награди. Три часа се предвидени за спортско - рекреативната активност на вода, време кое ќе е доволно за успешно реализирање на оваа активност.

Другата анимациска активност е организиран натпревар во кошарка. Се организира на отворен простор. Во него можат да земат активно учество домашни и странски посетители, од различен пол, возраст, степен на образование и социјална средина. Оваа активност ќе ја следат и гости кои не учествуваат во натпреварот, туку се пасивни учесници - публика. Предвидени се награди за победниците, а исто така утешни за оние кои го изгубиле натпреварот. Два часа се предвидени за оваа активност.

## Заклучок

Поаѓајќи од современиот начин на живот и работа во денешната индустријализирана и урбанизирана цивилизација, кај работниот човек денес сé повеќе е присутна потребата за промена на местото на живеење и престој во простори кои се се уште чисти и незагадени со цел да се обнови физичката и психичката кондиција на човекот. Секој еден учесник во туристичките движења, покрај тоа што сака да ги задоволи основните потреби: сместување и исхрана, покажува интерес и кон други околности, како што се: запознавање на крајот, објектот, луѓето, обичаите, навиките,спорт и рекреација и друго. Оттаму, потребно е носителите на туристичката понуда да посветат посебно внимание на слободното време на посетителите односно на времето кое треба да им се исполни со разновидни активности. Тие активности треба да бидат поврзани со спорт и рекреација, со културно - забавни активности, излети и прошетки, и низа други активности кои би довеле до збогатување на содржината на туристичкиот престој.

Некои практичари истакнуваат дека програмирањето на спортско-рекреативната анимација е едноставна работа, што секако не е точно. Имено, за квалитетно креирање на програмата треба да се познаваат голем број елементи. Пред се овде би ги спомeнале:одредени принципи на спортско-рекреативната анимација, типови на спортско-рекреативни програми, објективните можности, како што е просторот каде што е лоциран објектот, неговиот ентериер, инфраструктурата како на објектот така и на туристичкото место, кадрите, потребите, желбите и можностите на посетителите, комуникациските врски со околината, финансиските

можности за реализација на програмите, можностите за кооперација со другите носители на туристичката понуда и слично.

Треба да се води и сметка за одредени ситници, кои во одредени ситуации имаат клучна улога во поглед на успехот на анимацијата. Во тој контекст можеме да истакнеме дека постои изрека од Микеланџело „ситниците прават совршенство, а совршенството не е ситница“. Комплексната туристичка услуга, во која спаѓа и анимацијата, претставува збир од разновидни ситници сврзани со гостинскиот престој.[52] Исто така аниматорите треба да вметнуваат и нови и за посетителите непознати спортско-рекреативни содржини, при што треба да се прати реагирањето на одреден број гости. Ова е од причина што постојат различни типови личности, при што овие новитети можат кај некои субјекти да предизвикаат пасивна улога. Тука доаѓа до израз ликот на аниматорот и неговиот хуман однос, сé со цел воспоставување хумани односи помеѓу членовите на групата.

## Литература:

1. Бунташески, Б., (1996), Културно - забавната анимација во туристичката понуда. Културата и туристичката понуда - научен симпозиум, Универитет „Св. Климент Охридски - Битола, Факултет за туризам и угостителство - Охрид, Охрид.
2. Бунташески, Б., (1996), Програмирање на анимацијата на посетителите за време на туристичкиот престој. Зборник на трудови, Факултет за туризам и угостителство - Охрид, Охрид.
3. Бунташески, Б., (2001), Анимацијата во туристичката понуда. Институт за истражување на туризмот - Охрид, Охрид.
4. Јаковлев, З., (2010), Анимацијата во туризмот. Софија - Богданци, Богданци
5. Jović, B., (1983), Organizacija kulturnih delatnosti u turizmu. Kultura, Zavod za proučavanje kulturnog razvitka, Beograd, br. 60 – 61.
6. Mihovilović, M., (1986): 24 sataživotaturista u hotelskimkučama.ReferatnaSimpoziju "Hotelskakuča 86", Opatija.
7. Ravkin, R., (1989), Animacija u turizmu. Zalozba, Mladinskaknjiga, Ljubljana - Zagreb
8. Sorić A., Razvijanjem rekreativno - zabavnih sadržaja povečati dobit. ASMA – Kongres.
9. Cetinski, V., Cetinski, M., (1986), Zabavni centri i mjesta koncentrirane zabave. Referat naSimpoziju "Hotelska kuča 86", Opatija.
10. Цицковски, А., (1985), Привидни ситници во хотелското работење. Факултет за туризам и угостителство - Охрид, Зборник на трудови,Охрид.

[52]Цицковски, А., (1985), Привидни ситници во хотелското работење. Факултет за туризам и угостителство - Охрид, Зборник на трудови,Охрид, 67.